ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/22-2
Прилеп 26.12.2023 год.

Врз основа на член 93 став 2 алинеа 23 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп и Извадокот од Нацрт записникот од Двесте и осмата седница на Владата на Р.Северна Македонија бр.41-12959/2 од 14.12.2023г. донесен од Владата на Р. Северна Македонија, Одборот на директори на седница одржана на ден 26.12.2023 година, по Записник бр.22 ја донесе следната :

# ОДЛУКА

**за изменување на Одлуката за утврдување на откупни цени по класи за килограм тутун за реколта 2023г.бр. 02-4/4-3 од 10.03.2023г. и утврдување на текст на Анекс кон Договор за производство и откуп на тутун за реколта 2023г. и одобрување на склучување на истиот**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на откупни цени по класи за килограм тутун за реколта 2023г. бр.02-4/4-3 од 10.03.2023г., во член 1 во табелата откупните цени по класи за килограм тутун за реколта 2023г., се зголемуваат за 10% по класи на тутун и тоа како следи:

Во колона 2 "Ароматичен" во класа I цената по килограм тутун се зголемува од 300 денари за кг. на 330,00 денари за кг.

Во колона 2 "Ароматичен" во класа II цената по килограм тутун се зголемува од 240 денари за кг. на 264,00 денари за кг.

Во колона 2 "Ароматичен" во класа III цената по килограм тутун се зголемува од 180 денари за кг. на 198,00 денари за кг.

Во колона 3 "Дополнителен" во класа I цената по килограм тутун се зголемува од 100 денари за кг. на 110,00 денари за кг.

Во колона 4 "Мувлив" цената по килограм тутун изнесува 14 денари за кг.

Останатите одредби од Одлуката за утврдување на откупни цени по класи за килограм тутун за реколта 2023г. бр.02-4/4-3 од 10.03.2023г остануваат непроменети.

Член 2

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп го утврдува текстот на Анекс кон Договор за производство и откуп на тутун за реколта 2023г. и одобрува истиот да се склучи со тутунопроизводители со кои Тутунски комбинат АД Прилеп претходно има склучено Договори за производство и откуп на тутун за реколта 2023г.

Член 3

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Генералниот извршен директор, Директорот на Погон Тутун и Раководителот на РЕ Агрономија.

Член 4

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено:
- Претседател на Одбор на директори
- Генерален извршен директор
- Директор на Погон Тутун
- Раководителот на РЕ Агрономија
- Правен референт-супервизор

Архива

Тутунски комбинат АД Прилеп
Претседател
на Одбор на директори
Сретен Богоевски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7